**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4475 | 1 | |

во 9:30

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: 10 и 11 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 13 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 77 став 1 од Изборниот законик** („Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот и вториот круг на гласање.")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 и 11 октомври 2017 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 77 став 1 од Изборниот законик.**

На 10 октомври, во рамки на репризното издание (премиерно емитувано на 9 октомври) на ТВ магазинот „Алфа Скоп", емитуван во периодот од 00:56:59 до 03:21:57 часот, во два информативни блока насловени како „Вести избори", ТВ Алфа емитуваше два поединечни прилога со резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, спроведено од Институтот „Димитрија Чупоски". Истиот ден (10 октомври), во рамки на премиерното издание на „Алфа Скоп", емитувано во периодот од 11:31:55 до 16:08:49 часот, во првиот информативен блок насловен „Вести избори" е емитуван прилог со резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, спроведено од Институтот „Димитрија Чупоски".

**10.10.2017**

| **Период на емитување на прилозите во рамки на „Алфа Скоп"** | |
|---|---|
| **Почеток** | **Крај** |
| 00:58.31 | 01:02:31 |
| 02:02:08 | 02:06:14 |
| 11:51:01 | 11:53:35 |

На 11 октомври, во рамки на репризното издание (премиерно емитувано на 10 октомври) на ТВ магазинот „Алфа Скоп", емитуван во периодот од 01:29:34 до 04:20:35 часот, во првиот информативен блок насловен „Вести избори" е емитуван прилог со резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, спроведено од Институтот „Димитрија Чупоски".

**11.10.2017**

| Период на емитување на прилогот во рамки на „Алфа Скоп" | |
|---|---|
| **Почеток** | **Крај** |
| 01:48:37 | 01:51:13 |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на одредбите од членот 77 став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 10 и 11 октомври 2017 година, емитуваше прилози со резултати од испитување на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес на Локалните избори 2017 г., по истекот на законски пропишаниот рок за тоа, најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот круг на гласање (9 октомври 2017 година).

## 8. Предлог-мерка:

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***